Објавен во Службен весник број: 44/2014
Датум на објавување: 05.03.2014

**Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување**

**Член 1**

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13 и 187/13), во членот 15 став 2 зборовите: „здравственото осигурување" се заменуваат со зборовите: „остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување".

По ставот 2 се додаваат три нови ставови 3, 4 и 5, кои гласат:

„Осигуреникот од ставот 2 на овој член не поднесува изјава за остварените приходи во претходната година согласно со прописите за придонесите од задолжителното социјално осигурување.

За осигуреникот од ставот 2 на овој член Министерството за здравство пресметува и уплатува придонес за задолжително здравствено осигурување на основица за пресметка и плаќање на придонеси во висина од 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

По исклучок од ставот 1 точка 2 на овој член осигуреникот до 29 годишна возраст, за кој со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е предвидено ослободување од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, остварува надоместок на плата без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој е ослободен од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување."

**Член 2**

Членот 25 се менува и гласи:

„Права од задолжителното здравствено осигурување може да оствари само лице на кое му е утврдено својство на осигуреник, односно осигурено лице согласно со овој закон.

Својство на осигуреник и осигурено лице се утврдува врз основа на пријава за здравствено осигурување што ја поднесува обврзникот за пресметка и уплата на придонесот, односно лицето кое бара утврдување на својство на осигуреник, односно осигурено лице.

Пријавата за здравствено осигурување се поднесува до Фондот во рок од осум дена од денот на засновањето на работниот однос, односно од денот на стекнувањето на својството врз основа на кое е должен да поднесе пријава за задолжително здравствено осигурување.

Својството на осигуреник, за осигурениците од членот 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон се утврдува со електронски генерирана пријава за задолжително здравствено осигурување врз

основа на електронски преземена пријава за засновање на работен однос од надлежната институција.

Ако Фондот по поднесената пријава не признае својство на осигуреник или тоа својство го признае по друга основа е должен за тоа да донесе решение.

По престанокот на основот за задолжително здравствено осигурување, обврзниците за пресметка и уплата на придонесот се должни во рок од осум дена да поднесат одјава на осигурувањето.

По исклучок на ставот 6 на овој член за осигурениците од членот 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон, престанокот на основот за задолжителното здравствено осигурување се утврдува со електронски генерирана одјава од задолжителното здравствено осигурување, врз основа на електронски преземената одјава од работен однос од надлежната институција.

Начинот на стекнување на својство на осигуреник и осигурено лице, како и начинот на нивното пријавување и одјавување го утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.“

**Член 3**

Во членот 31 ставот 3 се менува и гласи:
„Правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен се остваруваат во Фондот, врз основа на уредно поднесено барање во пишана или електронска форма. Поднесување на барањето во електронска форма се врши преку веб порталот на Фондот со користење на електронски потпис со валиден дигитален сертификат од електронската здравствена картичка, комплентирано со потребна документација. Барањето во пишана форма се поднесува секој работен ден во текот на работното време на Фондот. Барањето во електронска форма може да се поднесе и надвор од работното време и во неработни денови, а рокот за постапување по барањето започнува да тече од првиот нареден работен ден.“

Во ставот 6 зборот „предавањето“ се заменува со зборот „приемот“.

**Член 4**

Во членот 31-а ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Постапката за остварување на право од задолжителното здравствено осигурување започнува со поднесување на барање до Фондот, во согласност со членот 31 став 3 од овој закон.

Поднесеното барањето во пишана форма се доставува на два идентични обрасци со потребната документација и тоа по еден примерок за Фондот и за поднесувачот на барањето. Доколку барањето се доставува во електронска форма истото се поднесува преку веб порталот на Фондот.“

Во ставот 5 по зборот „копија“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно електронски запис“.

Ставот 6 се менува и гласи:
„Директорот на Фондот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето во писмена форма од ставот 3 на овој член до писарницата на Фондот, односно од денот на поднесувањето на барањето во електронска форма преку веб порталот на Фондот да донесе решение со кое барањето за остварување на право од задолжителното здравствено осигурување е уважено или одбиено.“

**Член 5**

Во член 52 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
„По исклучок од ставот 1 на овој член осигуреникот до 29 годишна возраст, за кој со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е предвидено ослободување од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, ги остварува правата од задолжителното здравствено осигурување без уплата на придонесите за периодот за кој е ослободен од плаќањето на придонесите од задолжителното социјално осигурување.“

**Член 6**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а членот 1 од овој закон со кој во членот 15 се додава нов став 5 и членот 5 од овој закон со кој во членот 52 се додава нов став 3, ќе се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.